РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-1121/4
24.10.2024 год.
РАНКОВЦЕ

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-1121/1 од 07.10.2024 година (број на постапка 65456) за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр. 32/2020, 11/23, 73/24 и 171/24) донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце со со тех.број 16/24 од октомври 2024 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ПЛАНЕРИС" ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0016.

О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, број на постапка 65456, заведено под број 22-1121/1 од 07.10.2024 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце со со тех.број 16/24 од октомври 2024 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог за одобрување на проектната програма бр. 22-1121/3 од 22.10.2024 година од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, извршиувид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно број УЗП 3703/2024 од 20.03.2024 година, заверено кај нотар Андријана Ѓорѓеска во Скопје.
2. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце;

3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 08-215/3-2024 од 11.04.2024 година, изработен од ДПТУ „АЛФА-ГЕОДЕТ“ ДООЕЛ Скопје.
4. Потврда за заверка на геодетскиот елаборат бр. 03-434/3-35/2024 од 12.04.2024 година.
5. Услови за планирање на просторот за изработка на со тех.број Y19224 од јули 2024 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 1448/2024 од 02.10.2024 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 32/2020, 11/23, 73/24 и 171/24), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Правна поука: Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski
Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2024.10.24 14:37:49 +02'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ

BORCHE SPASOVSKI
Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2024.10.24 14:38:43 +02'00'